Ивана Јанков
Доц. М-р. Гоце Гавриловски

# АНАЛИЗА НА МУЗИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ОД АСПЕКТ НА ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА ВО ДЕЛ ОД ХОРСКОТО ТВОРЕШТВО НА СТЕФАН ГАЈДОВ (1905 – 1992)

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Стефан Гајдов е еден од најзначајните претставници на првата повоена генерација македонски композитори. Најголемиот дел од неговиот исклучително богат творечки опус му припаѓа на хорското творештво. Доминантно место заземаат композициите инспирирани од македонскиот фолклор. Всушност, хорските дела на Стефан Гајдов кои се инспирирани од фолклорот ги карактеризира јасна и условно кажано едноставна концепција.
- Во рефератот по повод јубилејот – 20 години од смртта на композиторот ќе се осврнеме врз анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата. Ќе ги посочиме доминантните музички параметри и нивната улога при креирање на композиторовата идеја. За анализа ги избравме следниве композиции за мешан хор: “Ајде слушај Анѓо”, 1927; “Момиче мало ѓаволо”, 1928; “Собрале ми се…”, 1934; “Тодоро, љубе”, 1928; “Не ми карајте ќерето”, 1940; „Мамо, главата ме боли“ (објавена 1959); и композиција за машки хор “Се запали одајчето“ 1936.

# Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Од мелодиски аспект пред се мора да напоменеме дека сите избрани композиции се всушност обработки на македонските народни песни, што подразбира постоење на своевиден *cantus firmus,* т.е. зададена мелодија, која во сите композиции најчесто му е доверена на највисокиот глас. Другите гласови имаат претежно хармонска функција.

- ***Ајде слушај Анѓо - темата е во сопрани***



## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- ***б) Момиче мало ѓаволо***

***темата е во тенори***



## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Во некои композиции, или нивни делови се се воведува тема во двоглас. Имено, следејќи ја хармонската основа темата се јавува во паралелни терци што претставува чест начин на донесување на мелодијата во македонската народна музика.
- Самата фолклорна основа, како и движење на темата во паралелни терци го чинат овој музички материјал релативно препознатлив, а со тоа и приемчив за учење од страна и на аматерските хорови.

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Темата во паралелни терци може да се јави во рамките на еден глас поделен во divisi a 2 како што е во композицијата ***„Мамо, главата ме боли“ - тема во сопрани divisi a 2;***



## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Темата во паралелни терци исто така може да се најде во женскиот хор, како што е во композицијата ***Тодоро, љубе – тема во сопрани и алти***



## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Исто така, темата во некои композиции е доверена на високите гласови - сопран и тенор, (како што е случај во „***Собрале ми се...***“ – ***тема во сопрани и тенори*** додека во басовата делница природно, преовладува хармонската компонента.



## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Во овие композиции, композиторот Стефан Гајдов претежно го употребува средниот регистар на хорските гласови, што дава можност за изведба и на ансамбли кои немаат голем регистарски обем.

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Хармонскиот јазик е несомнено тонален, со изразена доминација на главните тонални функции. Модулациите се изведуваат во најблиските тоналитети – паралелни (во „Мамо, главата ме боли“ од d-moll во F-dur) или во доминантен тоналитет (во „Не ми карајте ќерето“ од A-dur во E-dur).
- Сепак, мора да напоменеме уште една карактеристична хармонска појава. Имено, и кај композициите кои го задржуваат почетниот тоналитет најчест случај е завршеток на доминантниот акорд. Оваа постапка е преземена од македонскиот фолклор каде тоа се спроведува во голем број народни песни како непишано правило.

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Големо значење се придава на доминантнатa функција која, во некои композиции е прикажана и преку употреба на педалот на доминантата.
- Педалот може да се јавува во долги нотни вредности кои го заземаат целиот такт, што е случајот во композицијата „Не ми карајте ќерето“.
- ***„Не ми карајте ќерето“ – <u>педал во алти и баси</u>***



## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Педалот може да биде ритмизиран како и главната мелодиска линија, донесувајќи го текстот ритмички изедначен со водечкиот глас и придружните гласови како во композицијата „Тодоро, љубе“
- ***„Тодоро, љубе“– <u>педал на доминанта во баси</u>***



## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- На полето метрика мора да посочиме интересна ситуација прикажана во претходниот пример. Имено, промената на метарот – 7/8; 4/8 и 10/8 е воведена поради композиторовата голема почит кон поетскиот текст и неговата природна метрика.
- Оваа композиција би можела да биде напишана во непроменет 7/8 метар. Но, тогаш метричките акценти на музичкото ткиво не би се поклопувале со акцентите во поетскиот текст. Ваквата поставена метрика дава еден нов импулс во проток на музичките информации, а покрај тоа побарува голема концентрација како од страна на диригентот, така и од страна на хорските изведувачи.
- Од избраните 7 композиции за анализа само една е со променлив метар. Четири се компонирани во 2/4, а две во 7/8 метар.

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Темпото е донекаде веќе зададено ако се земе во предвид дека сите композиции се создадени врз веќе постоечки македонски народни песни.
- Според карактерот на композициите темпото се движи од *Largo* до *Allegro,* но претежно почетното темпо се задржува во текот на композицијата со подразбирачки *riterdando* на крајот на композицијата.
- Промена во темпото се јавува во композицијата „Мамо, главата ме боли“ каде што првиот дел (четири такта) од секоја строфа е во *Largo* темпо, а вториот дел (осум тактови) е во *Allegro* со големо *riterdando* во последните четири такта кое има улога да го „врати“ темпото во првобитно *Largo (прикажано во следниот пример)*

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- ***„Мамо, главата ме боли“ – големо riterdando од Allegro до Largo темпо***

- *5-от такт...* *9-12-от такт* *13-от такт*









## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Динамичката компонента е богата, со обем од *piano* до *forte* и појавата на *forte fortissimo* во композицијата „Мамо, главата ме боли“.
- Композиторот Гајдов најмногу користи динамичко наслојување како принцип за изградување на музичкиот тек.
- Имено, скалестото зголемување на динамиката за еден степен се јавува во најголем дел од избраните композиции.

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Еден од примерите за скалесто динамичко наслојување се наоѓа и во композицијата ***„Се запали одајчето“***

***p*** (1-от такт)



***mf*** (7-от такт)



***f*** (14-от такт)



Во овој пример важи напомената дека ознаката ***mf*** во басовата делница во 14-от такт се однесува на еден вид напев кој треба да биде „во втор“ план во однос на тематскиот материјал.

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Поретки се големи, одеднаш *(subito)* воведени динамички разлики и тоа најчесто како „ехо-ефект“. Тој подразбира силна и одеднаш тивка динамика. Го има во композициите „Собрале ми се“, и „Не ми карајте ќерето“. Во двете композиции „ехо-ефект“ има различна драматуршка улога. Во „Собрале ми се“ изненадната појава на *piano* динамика означува воведување на имитациски принцип,
- ***„ехо-ефект“ во „Собрале ми се“***
- *1-от такт...* *6-8-от такт*
- ***forte*** ***crescendo*** ***subito piano***






## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- додека во композицијата „Не ми карајте ќерето“ „ехо-ефект“ има функција која произлегува од повторување на музичкиот материјал со новиот текст кој и припаѓа на втората строфа.
- Оваа напомена со која се обидовме да објасниме постигнување на различна цел со истиот динамички ефект во различните композиции може да биде од корист за младите диригенти кои пред се треба да ги протолкуваат композиторовите замисли низ ознаките во партитурата.

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Од агогичките ефекти кои се широко застапени во овие седум композиции, мора да напоменеме примена на педал кој потсетува на „звоно“, т.е. подолга нотна вредност која се акцентира, а веднаш по акцентот стивнува до исчезнување.
- Ова помага за дикцијата да биде појасна поради тоа што секој текстуален слог бива акцентиран. Пример за „звоно“ се наоѓа во следните композиции:
- „Момиче мало ѓаволо“ (прикажан во еден од претходните примери);
- „Мамо, главата ме боли“ (18-21-от такт);
- „Не ми карајте ќерето“ (прикажан во еден од претходните примери) и
- „Собрале ми се“ (13-18-от такт).

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Во последната наведена композиција оваа агогичка постапка е тесно поврзана со ритмичката компонента. Имено, со поместување на акцентот добиваме контртан *(contratemps)* или поместување на акцентот од теза на арза.
- ***„Собрале ми се“ – ефект на звоно во баси вклучително и со поместување на музичкиот акцент од теза на арза (13-15-от такт)***



## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Тембровото богатство во најголема мера произлегува од композиторовото сплотување на различните гласови.
- Кога зборувавме за мелодијата кажавме дека композиторот Стефан Гајдов најмногу ги користи регистрите од гласовите во кои изведувачите се чувствуваат најкомотно – што резултира со широки слободи при изведбата и овозможува поквалитетен севкупен резултат.
- Во овие композиции нема екстремно високи, ниту пак екстремно длабоки тонови (доколку се појават, тие се третирани како евентуална можност и се ставени во загради).

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Карактеристична појава е наслојувањето на гласовите и менување во нивниот состав.
- Како еден од примерите ќе ја земеме композицијата „Момиче мало ѓаволо“ во која композиторот Гајдов применил специфична шема со цел формирање на различни тембри, во разни составни делови од композицијата.
- ***различните тембри во композицијата „Момиче мало ѓаволо“***

| строфа | 1.и 2. строфа | 3.строфа | 4. и 5. строфа | 6. строфа |
|---|---|---|---|---|
| состав | тенори и баси | сопрани, алти, тенори и баси | сопрани divisi a 2 алти | сопрани, алти, тенори и баси |

## Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов (1905 – 1992)

- Композициите кои ги избравме за овој реферат компонирани се помеѓу 1927 и 1940-та година. Некои од нив се создадени уште во студентските денови на композиторот Стефан Гајдов и претставуваат рана фаза од композиторовото творештво. Инспирирани се од пребогатиот македонски фолклор.
- Целта на овој реферат е да се дефинираат некои од многуте интересни композиторови решенија, а со акцент од аспект на интерпретацијата, за да се заклучи дека постојат композиции кои лесно може да ги совлада и аматерски хор или школски хор.
- Овој реферат е уште еден начин да дадеме придонес кон ширењето на хорската изведувачка уметност во Р. Македонија, со особен осврт врз школските активности. Со сигурност тврдиме дека љубовта кон овој жанр стекната во училишните денови се задржува во текот на целиот живот и отвара нови хоризонти кон создавање побројно членство кај сите хорови.